ПОДВИЖНА НЕСРЕЌА

# За Грците се работи



*Мерсел Биљали*

**Со антиквизацијата и спомениците, премиерот им гради толку силна позиција на Грците до која ни со најсовршена дипломатија, ни со астрономски пари, ни со подарување острови не ќе можеа да дојдат. Затоа, нашиот премиер заслужи грандиозен споменик во центарот на Атина**

Сведоци сме на уште еден од низата наши порази и политички дебакли, својствен само за тоа што се нарекува катастрофа од власт, која перманентно е во потрага по изнаоѓање виновници за општите несреќи надвор од себе, а впрочем самата си е најголемата подвижна несреќа. Власт која опстојува со силна популистичка реторика свесна дека на вистината не ѝ требаат многу зборови, ама на лагата никогаш не ѝ се доволни. Власт која го убива или сатанизира поинаквото мислење, така што на луѓето им преостанува отворено да зборуваат само зад затворени врати. Познато е дека таму каде што се убива мислењето, се убиваат и луѓе.

Конечно Европејците одлучиле целосно да нè игнорираат. Не нè спомнаа ни по ходници ни кога оделе во тоалет. Сега ни стана јасно дека сме најизолирана држава во Европа. Дури ја надминуваме и Белорусија, која барем својата доза на диктатура и изолација ја покрива со динамичен економски раст. Нашите водачи веќе никој нормален не ги поканува на важни средби, дури ни за носење вода, а да не зборуваме за доаѓање кај нас во улога на шатл-дипломатска мисија. Па затоа мора да се ориентираме кон Узбекистан, Туркменистан или Киргистан.

На јавноста ѝ се полни главата дека за сè се виновни Грците, некои центри на моќ и Брисел. На премиерот му е чудно што и тие 12 милиони Грци си имале некакви такви чувства, што за него не е баш разбирливо. Ама важно да се виновни. Авторот на оваа колумна лично присуствуваше на една неформална средба меѓу премиерите Бучковски и Караманлис во грчката амбасада во 2005 година во Брисел, каде што грчкиот премиер јасно кажа дека ќе ја поддржи нашата држава во сите нивоа на евро-атлантското интегрирање со референцата ПЈРМ, а за возврат бараше само куртоазни позитивни пораки (дека сме пријателски народи; дека Грција ни е пријателска држава; дека Грците се посакувани инвеститори итн.). И тука мора да се запрашаме - што толку драматично се случило кај нас за таквата грчка позиција да исчезне? Одговорот го знаат и птиците - антиквизацијата и популизмот. Тие го минираа и го дигнаа во воздух таквиот грчки став. Нормалниот свет, кој дотогаш мислеше дека Грците се тие што со своите барања во однос на името практично стагнираат со умот, со лансирањето на античката преродба сфатија дека и некои други си имаат сериозни проблеми со умот. Неспорен факт е дека нашиот премиер со својата чудна антиквизација и скапоцените споменици толку им излезе во пресрет на грчките радикалци, што тие до такви позиции не ќе можеа да дојдат ни со најсовршена дипломатија, ни со астрономски пари, ни со подарување острови. Со тоа нашиот премиер заслужи грандиозен споменик во центарот на Атина.

Поради ирационален инает (или поради нешто друго што нема врска со општите интереси) ги загубивме епохалните балкански проекти вредни 20-ина милијарди евра само во наша територија. Од европската мапа исчезна Коридорот 8, вреден околу 8 милијарди евра (кај нас околу 2 милијарди); исчезна проектот АМБО, вреден над 1 милијарда евра; исчезнаа можните главни траси на мегагасоводните проекти „Набуко“ и „Јужен тек“; исчезна оптичкиот кабел од Турција до Италија. Сиве овие стратегиски проекти ќе значеа економски бум за државата, а со помош на Коридорот 8 дефинитивно ќе се спасивме од честите сообраќајни уцени и условувања во регионот. Сега улогата на Коридорот 8 ја презема грчката Виа игнација.

Но, факт е дека на ниедна популистичка власт не ѝ е грижа за стратегиските загуби. Милошевиќ ѝ чинел на Србија над 100 милијарди евра директна штета, долгогодишно страдање и 20 години уназадување. Нашите популисти, залагајќи се наводно за зачувување на името, се на пат да си ја загубат државата; измислувајќи загрозен идентитет, се на пат да ја загубат нацијата; залагајќи се за минатото, веќе ни ја загубија иднината; се жртвува животот на 2 милиона луѓе за да се зачува власта за неколку луѓе; се губи перспективата на младите за богато да живеат едни постари. Мора многу да загубат милиони луѓе за да добијат десетина нелуѓе. Невиден садизам, кој граничи до степен на измачување на другите, со цел да си се олесни сопствената мака изродена од болната страст кон владеењето.

Лекција како да се зачува државата може да добиеме и од Косовците, кои прифатија сè што им наложуваше меѓународната заедница - химната, знамето, грбот, специјален статус за српските општини, српскиот јазик официјален на целата територија и во сите нивоа, иако таму Срби има само околу 5 проценти.

Индикативно е што најголеми противници за можен компромис за името се токму едни проголемосрпски структури, кои ама ништо немаат со македонштината. Тие ја обвинуваат Европа дека таа сакала Македонија да ја избрише од мапата на светот; дека сакала да ги обезличи овдешните луѓе; дека сакала да ги остави без историја, јазик и без култура; дека ЕУ и НАТО брзо ќе се распаднат и ред други глупости. Изгледа нивната стратегија е државата да ја доведат до тотален колапс за потоа полесно да ја докрајчи северниот сосед. Познато е дека решавањето на проблемот за името не го бара Европа, туку Грција, како нејзина членка. Европејците си кажуваат - убедете ја Грција да не стави вето и вие сте дел од нашето семејство. Кај нас се доаѓа со целосно решени меѓусоседски проблеми за да не се пренесуваат истите кај Унијата. Така беше и со Хрватска и со сите други.

Но нашето водство никако не сака да сфати дека многу подобро е да ползите по вистинскиот пат отколку да летате по погрешен пат. Цело време глумеше дека сака да го реши проблемот за името, а впрочем уште повеќе го комплицираше. Мала држава не може да издржи големи проблеми, оти тие создаваат големи неволји. Не можат да водат држава луѓе со духовна празнина, кои зајакнувајќи ја власта си го ослабнуваат карактерот, духот и моралот. Кои ги утепуваат малите крадци, а на крупните им се покоруваат. А продолжуваат да бидат патриоти, но без покритие. За Грците се работи.

(АВТОРОТ Е УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР)

